# РЕГРЕСНИ ПОБАРУВАЊА И НИВНАТА ОБРАБОТКА ОД СТРАНА НА ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ДРУШТВА

Билјана Стојанов- Директор на Дирекција штети

Друштво за осигурување Халк осигурување ад Скопје

# ЗАКОНСКИ ОСНОВ ЗА РЕГРЕСНО ПОБАРУВАЊЕ

- Закон за задолжително осигурување во сообраќајот ( Сл.весник на РСМ бр.88/2005,70/2006,81/2008,47/2011,135/2011,112/2014,220/2019)
- Член 2 т.4-,, “**Одговорно друштво за осигурување**“ претставува друштво за осигурување со кое сопственикот на превозното средство со чија **употреба е причинета** незгодата склучил договор за задолжително осигурување;
- Член 2 т.10- “Оштетено лице“ е лице кое претрпело штета **од употреба** на превозно средство;
- Член 3-,, Сопствениците на превозни средства се должни пред да го пуштат превозното средство во сообраќај да склучат договор за задолжително осигурување со друштво за осигурување кое има дозвола за вршење на работи на задолжително осигурување,,
- Член 14-,, Сопственикот, односно корисникот на моторно и приклучно возило е должен да склучи договор за осигурување **од одговорност за штети што со употреба** на моторното возило ќе им ја причини на трети лица поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети (во натамошниот текст: осигурување од автомобилска одговорност) освен од одговорност за штети за предметите што ги примил на превоз.

# ПРАВО НА СУБРОГАЦИЈА(ЗЗОС)

Член 16

(1) Со осигурувањето од автомобилска одговорност се опфатени и штетите предизвикани со употреба на моторно возило од неовластено лице.

(2) **За неовластено лице во смисла на ставот** (1) од овој член се смета лице кое:

а) управувало со моторно возило без соодветна возачка исправа (вклучувајќи лице кое е на обука за добивање возачка исправа без присуство на овластено лице) или

б) на нелегален начин управувало со моторно возило или лице кое е соучесник во таквиот чин или

в) управувало со моторното возило под дејство на алкохол над дозволеното ниво согласно со закон, наркотички дроги или психотропни супстанции.

(3) **Друштвото за осигурување што ќе ја надомести штетата предизвикана со употреба на моторно возило од страна на неовластено лице има право на регрес за исплатениот износ на надомест на штета заедно со камата и трошоци создадени на тој начин од неовластеното лице.**

# ГАРАНТЕН ФОНД НА НБО

Член 58 од ЗЗОС -,,Националното биро за осигурување е должно да формира Гарантен фонд кој служи за исплата на: 1) штети настанати на територијата на Република Северна Македонија од **непознати и неосигурани моторни возила** и приколки, неосигурени чамци и бродови на моторен погон, како и неосигурени воздухоплови;

Член 64 од ЗЗОС-,,Бирото **има право на регрес во** висина на исплатената штета заедно со камата и трошоци од сопственикот на неосигуреното моторно возило, воздухоплов, пловен објект и сопственик на превозно средство во јавен сообраќај, односно од лицето кое ја предизвикало штетата. Сопственикот, односно лицето кое ја предизвикало штетата се **подеднакво одговорни** кон Бирото.

# В О З А Ч К А   Д О З В О Л А

,,Неовластено лице  е лице кое управувало со моторно возило **БЕЗ СООДВЕТНА ВОЗАЧКА ИСПРАВА**,(вклучувајќи лице кое е на обука за добивање возачка исправа без присуство на овластено лице)

Дефиниција за ,,соодветна,, возачка исправа.

Различни толкувања,,**на соодветна возачка исправа,,:**

- Дали е потребно возачката исправа да е со измината важност? Истечен образец?но категоријата му е во важност? На задната страна на возачката е наведена и датата кога возачот се стекнал со важност на таа категорија.
- Или пак да не поседува соодветна категорија за управување на возилотот ( А.Б,Ц...)
- Лицето положило возачки испит, поседува потврда но образецот не е изготвен?
- Управува со возило на ,,нелегален начин,,-возач почетник
- Предизвици-сопатник знае или можел да знае дека возачот му е истечена возачката исправа? И дали  возачот има соодветна категорија?

Примена на член 150  од ЗОО- ,,тој што на своја штета ќе му дозволи на друг преземање на некое дејствие ,не може да бара од него надомест на штета прилинета со тоа дејствие.

* Врховен суд- Рев2 бр.119/2016 од 26.01.2017 г

* Врховен суд -Рев2 бр.42/18 од 29.01.2019 г

*Апелационен суд Скопје  ГЖ.бр.4886/17 од 10.11.2017 г

# ВОЗАЧ ПОЧЕТНИК

Неовластено лице е лице  кое на нелегален начин управувало со моторно возило или лице кое е соучесник во таквиот чин .Возач почетник-

Различна судска пракса:

Апелационен суд Скопје ГЖ.бр 3384/15 од 19.10.2016  г- возач почетник е неовластено лице

Апелационен суд Скопје ГЖ.бр.742/14 од 20.11.2014 г-возач почетник не е неовластено лице

Правно  мислење на Врховниот  суд од 26.02.2016

*Возач почетник кој поседува возачка дозвола, а возилото го управува со брзина поголема од дозволената, односно со возило чија сила на мотор е поголема од дозволената со закон, или го управува возилото во патниот сообраќај во времето одредено со закон (23,00 часот до 5,00 часот) без присуство на лице-возач од соодветната категорија предвидена со закон, не се смета за лице без соодветна возачка исправа, па друштвото за осигурување што ќе ја надомести штетата предизвикана на тој начин, нема право на регрес за исплатениот износ*

# А Л К О Х О Л, Д Р О Г И И П С И Х О Т Р О П Н И С У П С Т А Н Ц И И

Неовластено лице е лице кое управувало со моторното возило под дејство на алкохол над дозволеноto ниво согласно со закон, наркотички droги или психотропни супстанции

Кои метод е применет за утврдување на присуство на алкохол?

Видмарков метод, ,,Дрегер ,,или анализа на крв ( со помош на гасна хроматографија при МВР)

Што е ,,Очигледно под дејство на алкохол" е учесник во патниот сообраќај чие однесување е непримерно заради присуство на алкохол во организмот(член 2 став 1 тока 138 од ЗБСП)

Член 228 од ЗБСП- дозволеност 0.50 промили и 0.09 промили

Напуштил лице место-посебен основ за поведување на регресна постапка.Кое лице е регресен должник осигуреникот или возачот/корисник кој не е осигуреник?

- Врховен суд- Рев 2 бр.227/15 од 06.10.2016 г
- Врховен суд -Рев 2 бр.325/17 од 27.06.2018 г
- Врховен суд -Рев 2 бр.48/2015 од 26.11.2015 г
- Основен суд Велес МАВЛП бр.91/15 од 30.12.2015 г
- Сентенца на Врховен суд-напуштил лице место од 12.02.2019

# НБО-ГАРАНТЕН ФОНД

- По исплата на штета предизвикана од неосигурено или непознато возило, НБО во посебна постапка за рефундација –го исплака износот на осигурителната компанија .Осигурителната компанија нема активна легитимација за поведување на спор за наплата регресно побарување од неосигурено возило.
- НБО е единствено активно легитимирано за поведување на регресна постапка кон возачот односно сопственикот на возилото ,и тие се подеднакво одговорини кон Бирото.

Правно мислење на Врховен суд од 30.05.2022 г

*Право на регрес во висина на исплатената штета причинета од неосигурано моторно возило има само Националното Биро за осигурување.*

Сентенца на Врховен суд Рев2 бр.97/2019 од 29.06.2020 г

*Сопственикот на возилото не е солидарно одговорен за штетата што ја предизвикал управувачот на возилото, во случај кога не постои негов придонес во настанување на штетата и кога нема поврзаност на дејствијата кои ги презел сопственикот на возилото и дејствијата кои ги презел управувачот на возилото кој ја предизвикал сообраќајната незгода.*

# П Р А Ш А Ња

- Од кога тече каматата?
- Известување трето лице за парница
- Застареност на регресните побарувања на друштвата за осигурување и застарување на побарувањата на НБО?Од кога тече рокот за застареност на побарувањата на НБО? Од денот на исплата на штетата од страна на осигурителното друштво или од денот кога НБО ја рефундирал штетата?

***Правно мислење на Врховен суд од 28.10.2013 г за застареност на побарувањата на осигурителните друштва***

***Апелационен суд Гостивар ГЖ бр.1565/2014 од 14.11.2014 г***

- Вештачења-исплатен надомест вонсудски или по пат на судска пресуда

***Врховен суд -Рев 2 бр.233/16 од 14.06.2017 г,***

***Билтен 12 на Апелационен суд Скопје- за правата на рег.должник кога е исплатен надомест на штета -вонсудски***

- Употреба на ,,Службена белешка,,

***Заклучок на Врховен суд од 07.12.2021 г,, Службена белешка не може да се изведува и да се цени како доказ во постапката пред судот.***

- 30% такси доплаток –регрес на штета или доплаток на премија

**Врховен суд Рев 2.бр.428/20 од 19.11.2020 г**

- Имотната состојба на регресниот должник фактор при донесување на судската пресуда ( член 180 од ЗОО)
- Примена на член 150 од ЗОО- ,,тој што на своја штета ќе му дозволи на друг преземање на некое дејствие ,не може да бара од него надомест на штета причинета со тоа дејствие.